## ДА СЕ ОБРАТИШ ВО ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА:

Ул. Наум Наумовски Борче Бр. 83 во Скопје
Телефони за контакт: +38923119073 и +38972278436
Електронска пошта: helkom@mhc.org.mk

**Хелсиншкиот комитет за човекови права на граѓаните им обезбедува примарна правна помош.**

Право на примарна правна помош има секое физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија.

Право на секундарна правна помош имаат жртвите на семејно и родово базирано насилство (без утврдување на материјалната состојба на барателот) и граѓаните со ниски примања (со утврдување на материјалната состојба на барателот), согласно Законот за бесплатна правна помош.

**Со примарна правна помош добивате:**

- Општа правна информација;
- Општ правен совет;
- Помош при пополнување на формулари;
- Помош при комплетирање на барање за секундарна правна помош;
- Следење на целокупната постапка за заштита од семејно и родовобазирано насилство преку поднесување барања за информација до Министерство за внатрешни работи, до основни јавни обвинителства и надлежни судови;
- Поднесување барања за вонреден инспекциски надзор врз центрите за социјална работа од страна на Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата при Министерството за труд и социјална политика.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Ministero degli Affari Esteri e della Cooperazione Internazionale

Оваа публикација е изготвена со помош на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Р. Италија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и не мора да ги изразува гледиштата на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Р. Италија.

# ЖИВОТ БЕЗ НАСИЛСТВО

ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИСТАП ДО ПРАВНА ПОМОШ НАМЕНЕТИ ЗА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО



ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**1.** Во семејството и околината каде живеете или работите, дали сте сте се соочиле или сте биле сведоци на некое од наведените видови насилство или вознемирување?



**Физичко насилство**
(секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето и телесниот и психичкиот интегритет на жртвата);



**Психичко насилство**
(секое однесување со употреба на присилба, заплашување или закана, кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и психичкиот интегритет на жртвата);



**Сексуално вознемирување**
(секое вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа што има за цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заканувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина);



**Екомомско насилство**
(секое дејствие на ограничување или спречување во остварување и/или располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата).

**2.** Дали сте се соочиле со некаква форма на насилство од страна на брачен/вонбрачен партнер или поранешен партнер?

**3.** Дали сте се соочиле со некаква форма на насилство на родова основа?

**4.** Дали ви биле упатени навреди и закани на социјалните мрежи само врз основа на вашата родова припадност, љубовен статус или вон/брачен статус?

**5.** Дали институциите обезбедуваат соодветна поддршка за жртвите на семејно и родово базирано насилтво?

**6.** Дали сте го пријавиле насилството во полициска станица или центар за социјална работа?

**7.** Дали сте воделе судска постапка за заштита од семејно и родово базирано насилство?

# ШТО Е СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО?

## ДЕФИНИЦИИ:

**1. Насилство врз жените** е кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејствија на родово-базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви дејствија, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот;

**2. Родово-базирано насилство врз жените** е насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погодува. Родово-базираното насилство врз жените ги опфаќа причините и резултатот од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите како резултат на општествен, а не индивидуален проблем. Родово-базираното насилство врз жените се однесува и на насилството врз жените дефинирано во точките 1 и 3;

**3. Семејно насилство** е малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

**4. Демнење** е секое намерно однесување на повторено заканување насочено кон друго лице што предизвикува лицето да се плаши за својата безбедност;

**5. Присилен брак** е присилување, намамување, доведување во заблуда, закана или на друг начин принудување на возрасен или дете да стапат во брак или вонбрачна заедница.

# ШТО МОЖЕШ ДА НАПРАВИШ ДОКОЛКУ СМЕТАШ ДЕКА СИ ЖРТВА НА СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ИЛИ ВОЗНЕМИРУВАЊЕ?




## ДА СЕ ОБРАТИШ ДО ЦЕНТРИ И СОВЕТУВАЛИШТА ЗА ЖЕНИ – ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

**Скопски регион** - Центар и Советувалиште за жени жртви на родово базирано/семејно насилство
**Контакт:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје +38978230943; +38976381762; jumcsrSkopje@mtsp.gov.mk
Специјализиран тим за постапување по итни предмети од ранливи категории +38976381762; +38978230943

**Полошки регион** - Тетово - Советувалиште за работа со жени жртви на родово базирано/семејно насилство
**Контакт:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово +38978837111; jumcsrTetovo@mtsp.gov.mk

**Вардарски регион** - Велес - Центар за жени жртви на родово базирано/семејно насилство
**Контакт:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес +38970362281; jumcsrVeles@mtsp.gov.mk

**Североисточен регион** - Куманово - Советувалиште за работа со жени жртви на родово базирано/семејно насилство
**Контакт:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово +38975362881; jumcsrKumanovo@mtsp.gov.mk

**Југозападен регион** - Охрид - Центар и Советувалиште за жени жртви на родово базирано/семејно насилство
**Контакт:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид +38972232076 ; +38970267831 ; +38971231032; jumcsrOhrid@mtsp.gov.mk

**Источен регион** - Штип - Советувалиште за жени жртви на родово базирано/семејно насилство и Кризен центар за жени жртви 24/48 ч. **Контакт:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип +38976475054; jumcsrShtip@mtsp.gov.mk

Кавадарци - Советувалиште за работа со жени жртви на родово базирано/семејно насилство
**Контакт:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци +38978298015; jumcsrKavadarci@mtsp.gov.mk

**Пелагониски регион** - Прилеп - Советувалиште за жени жртви на родово базирано/семејно насилство и Кризен центар за жени жртви 24/48 ч. **Контакт:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп +38978289427; jumcsrPrilep@mtsp.gov.mk

Битола - Центар и Советувалиште за работа со жени жртви на родово базирано/семејно насилство
**Контакт:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола +38971397112; jumcsrBitola@mtsp.gov.mk